# АЛАРМ 13

# 11 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ЛЕТ ВО МЕСТО

## 1. ГРАЃАНИТЕ ГЛАВНИ ДОНАТОРИ НА ПАРТИИТЕ!

Вкупниот приход на партиите за изборите во 2014 е приближно 3 милиони евра. Речиси 70% од нив се средства прибрани од донации од физички лица и членарини.

**ПРИХОДИ НА ПАРТИИТЕ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ И ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ[1]**

| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА / ТИП НА ПРИХОДИ | ВМРО-ДПМНЕ | ДУИ | СДСМ | ДПА | ГРОМ | НДП (RDK) | Другите партии | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Донации од физички лица | €985.798 | €100.805 | €7.224 | €1.470 | €34.299 | €2.146 | €49.069 | €1.180.811 |
| Донации од правни лица | €13.350 | €0 | €0 | €0 | €0 | €0 | €46.123 | €59.473 |
| Попусти од медиумите | €193.857 | €14.106 | €116.714 | €5.454 | €14.277 | €0 | €0 | €344.408 |
| Приходи од други субјекти (членарини, трансфери од редовната сметка ) | €849.327 | €162.601 | €284.424 | €0 | €0 | €975 | €102.704 | €1.400.031 |
| **ВКУПНО** | €2.042.332 | €277.512 | €408.362 | €6.924 | €48.576 | €3.121 | €197.896 | €2.984.723 |

Впечатливо е дека граѓаните донирале повеќе од 1 милион евра за партиите на власт. За предвремените парламентарни избори, 448 граѓани на владеачката ВМРО-ДПМНЕ ѝ донирале просечно по 700 евра, а за претседателската кампања дури 1.927 граѓани донирале просечно по 360 евра. На ДУИ 22 граѓани ѝ донирале просечно по околу 5 илјади евра. За сите останати партии, граѓаните донирале приближно 100 илјади евра, што е 10 пати помалку од донациите за партиите на власт.

Можно ли е во услови на економска криза, кога третина граѓани живеат во сиромаштија, тие да се главни донатори на партиите!?

## ВКУПНО ПОТРОШЕНО ЗА ИЗБОРИТЕ




**ОТЧЕТ ОД ДИК ЗА ПОТРОШЕНИТЕ 7 МИЛИОНИ ЕВРА ЌЕ ПОЧЕКАМЕ!!!**

## 2. РЕКЛАМАТА И ПРОПАГАНДАТА ИЗБИРААТ!

За спроведување на изборите партиите пријавиле дека потрошиле околу 3 милиони и 870 илјади евра, од кои 89% или 3 милиони и 444 илјади евра за реклама и пропаганда. Од овие трошоци 75% или 2 милиони и 587 илјади евра се трошоци на партиите на власт.

### ПРЕГЛЕД НА ПОТРОШЕНОТО ЗА РЕКЛАМА И ПРОПАГАНДА




## 3. ЌЕ СЕ ПОКРИВА МИНУСОТ ИЛИ ЌЕ СЕ ПРОСТУВА?

**ДОЛГОВИ НА ПАРТИИТЕ ОД ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ И ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ**

| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА | ДУИ | ГРОМ | ВМРО-ДПМНЕ | Другите партии | НДП (RDK) | ДПА | СДСМ | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на сметките од изборите | -€312.600 | -€222.930 | -€247.933 | -€12.010 | -€5.628 | -€12.454 | -€69.412 | -€882.967 |
| Надомест кој ќе го добијат од државата за учество на изборите | €37.475 | €15.360 | €247.933 | €4.090 | €4.337 | €25.697 | €166.349 | €501.241 |
| **КРАЈНА СОСТОЈБА** | -€275.125 | -€207.570 | €0 | -€7.920 | -€1.291 | €13.243 | €96.937 | |

Партиите пријавиле дека ги завршиле изборите со негативно салдо од приближно 883 илјади евра. Останува нејасно, откако ќе го добијат надоместокот од државата, како ДУИ ќе го покрие минусот од 275 илјади евра и како ГРОМ ќе се справи со долгот од над 207 илјади евра.

Зачудува прецизноста со која ВМРО-ДПМНЕ го пресметала минусното салдо што е до денар идентично со очекуваниот надомест од државата. За пријавениот минус од 7.224.225 денари за парламентарните избори, ВМРО-ДПМНЕ очекува да добие исто толку 7.224.225 денари? За претседателските избори, за минусното салдо од 8.023.650 денари, ВМРО-ДПМНЕ од државата очекува токму 8.023.650 денари?

1 Извор: Вкупни финансиски извештаи на партиите (организатори на кампањи) за Претседателските и Предвремените парламентарни избори 2014 год. http://www.dksk.org.mk/.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА